**<u>Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 30.05.2025 година и одговори дадени од страна на Друштвото</u>**

**<u>I. По точката 6 од Дневниот ред</u>** - Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2024 година и утврдување на дивиденден календар.

**Прашање:** Бидејќи пресекот за исплата на дивидендата секоја година е во јули, зошто исплатата на истата е во септември, бидејќи се работи веќе за акумулирана добивка?

**<u>Одговор:</u>** Друштвото ги зема во предвид сите аспекти кои се наведени и се земаат предвид сите можности паричните средства да бидат исплатени што порано. Сепак, планот кој што е даден за исплата го планира точниот прилив и одлив на средствата на Друштвото во текот на периодот, така да соодветно е испланирана и исплатата. Друштвото исплатата ја таргетира согласно расположивите парични средства и затоа рокот е како што е предвидено.